Црвен крст на Република Северна Македонија
Kryqi i Kuq i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Red Cross of the Republic of North Macedonia







# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

# RAPORTI VJETOR

# ANNUAL REPORT

# 2022







# СОДРЖИНА




03 Порака од Претседателот и Генералниот секретар
04 Кои сме ние
05 Организација и развој
08 Соработка со меѓународни партнери
10 Креирање политики и менаџирање на волонтери и членови
12 Социјално – хуманитарни програми
20 Здравствено-превентивни програми
24 Прва помош
26 Крводарителство
28 Ментално здравје
30 Подготвеност и дејствување при катастрофи
32 Поддршка за мигранти
35 Млади на црвен крст на РСМ
36 Црвен крст во акција – промоција на хумани вредности
38 Дисеминација и меѓународно хуманитарно право
39 Односи со јавност
40 Мониторинг и евалуација
41 Финасиски извештај
45 Ревизорски извештај




# ПОРАКА ОД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ И ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР





Поминаа 77 години од основањето на Црвениот крст на РСМ а сепак потребата за делување на нашата организација за обезбедување поддршка за намалување на страдањето на луѓето и годинава, како резултат на кризите и пандемијата со КОВИД-19 и економските последици од војната на Европско тло беше со несмален интензитет. Севкупните состојби во земјата и опкружувањето наложија потреба од зголемен број на активности на Црвениот крст за да излеземе во пресрет на дел од приоритетните потреби на најранливото население. Секако тоа нема да беше можно без придонесот и заложбите на нашите волонтери, партнери и вработени кои неуморно, секојдневно работеа за обезбедување на помош и поддршка за подобрување на животот на лицата во моментите кога тоа им беше најпотребно. Предизвиците беа големи но заложбите да ја исполниме нашата мисија беа уште поголеми.

Со задоволство може да заклучиме дека и годинава бевме лидери на полето на доброволното крводарителство и првата помош, промовиравме навики за здраво живеење, го промовиравме волонтерството, ги дисеминиравме хуманите вредности и меѓународното хуманитарно право, обезбедувавме поддршка за мигрантите, бездомниците и други социјално погодени групи во државата и активно обезбедувавме поддршка и го вклучувавме младите и лицата од трето доба во нашите активности. Посебен акцент во нашата работа беше посветен и на зајакнување на нашата мрежа на ООЦК/ЦКГС за да опстоиме во нашите напори во континуитет да обезбедуваме сеопфатна поддршка и да се справуваме со растечките предизвици во локалните заедници.

Го започнавме процесот на трансформации кој ќе ги обединува напорите на нашите волонтери и вработени, но и нашите партнери во следните пет години. Очекуваме овие промени дека ќе ни овозможат да ги исфрлиме во преден план нашите компаративни предности, со цел да ги подобриме аспектите во нашето работење каде сеуште постои простор за подобрување, да направиме обид да ги отстраниме недостатоците и да ги усогласиме нашите претстојни приоритети со потребите кои ги наложува современото опкружување и потребите и очекувањата на нашите корисници на услуги и партнери. Процесот на трансформации треба да ни овозможи надградба на нашите капацитети преку одржливи решенија за подобрена функционалност и ефикасност и поширок спектар на можности за задоволување на најитните потреби и ранливи состојби работејќи во согласност со основните принципи, на транспарентен и отчетен начин.

Од името на Црвениот крст на РСМ ви благодариме за вашата постојана доверба во нашата хуманитарна мисија. Се надеваме дека сите заедно ќе продолжиме да ја надградуваме оваа хумана организација и ќе даваме наш позитивен придонес во подобрување на животот на луѓето, уште многу, многу години. Ве покануваме на мала прошетка низ страниците на нашиот Годишен Извештај за 2022 година во кој ги претставуваме нашите активности и сервиси кои ги реализиравме во изминатата календарска година, партнерите со кои што соработуваме како и нашите клучни остварувања на патот на хуманоста, во обезбедување на помош и поддршка на луѓето, како наш скромен придонес во развој на здраво и похумано општество.

**проф. д-р Ромел Велев**
**Претседател**

**д-р Саит Саити**
**Генерален секретар**

# КОИ СМЕ НИЕ

Црвен крст на РСМ е формиран во 1945 година и е дел од 192 национални друштва членки на Меѓународното Движење на Црвен крст и Црвена полумесечина. Со преку 3.900 волонтери, 18.000 членови и околу 200 вработени Црвениот крст на РСМ преку 32 општински организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје дејствува во спречување и ублажување на човековото страдање, заштита на животот и здравјето, унапредување на социјалната добросостојба, обезбедување почит и достоинство на луѓето, особено во случај на вонредни состојби, промовирање на меѓународното хуманитарно право и хуманите вредности и поттикнување на доброволното ангажирање и постојаната подготвеност за давање помош, солидарност и хуманост.

## Наша визија

Дејствуваме, поттикнуваме и промовираме хумани вредности за навремено да одговориме на современите хуманитарни предизвици, а притоа решени сме да направиме повеќе, да го направиме тоа подобро и да стигнеме подалеку.

## Нашите стратешки цели

Луѓето да може да ги предвидуваат, преживуваат и брзо да закрепнуваат од кризи.

Луѓето да водат безбеден, здрав, достоинствен живот и да имаат можности да напредуваат.

Луѓето да се мобилизираат во инклузивни и мирни заедници.



# ОРГАНИЗАЦИЈА И РАЗВОЈ

## Изборен процес за мандатен период 2022-2026 год.

Во 2021 година поради пандемијата со коронавирусот Црвениот крст на РСМ донесе одлука да се продолжи мандатот на раководната структура на сите нивоа на организацијата до 30.06.2022 година. Редовните избори на сите организациони нивоа во Црвениот крст на РСМ за мандатниот период 2022 – 2026 беа одржани во периодот април-јуни 2022. Вкупниот број на новоизбрани делегати на Црвен крст на РСМ изнесува 57 лица.

- Процентот на стар состав на претставници во Собранието на ЦКРСМ изнесува 56.6%.
- Запазена е половата структура при што процентот на претставници на женскиот пол изнесува 41.51%.
- Процентот на претставници од редот на младите изнесува 7.55%.
- Запазена е етничката структура согласно процентите: Македонци 77.36% и Албанци 22.64%.
- Најголем процент од претставниците се со ВСС 90.57%, а ССС 9.43%, додека пак целните групи се најзастапени во здравството, образованието, државните органи и организации, а помалку во приватен и корпоративен сектор.

## Ориентација на новоизбрана раководна структура во организацијата

Во периодот 04-06.11.2022 година во Струга се одржа работилница со новоизбраните претседатели на ООЦК/ЦКГС и ЦКРСМ и членови на Раководниот одбор на Црвен крст на РСМ. На работилницата се дискутираа стратешките приоритети на организацијата со посебен акцент на улогата на раководната структура. Учесниците имаа можност подетално да се запознаат со актуелните програми и политики на организацијата и да дадат свои мислења во однос на нивните одговорности како претседатели.

## Фонд за развој и проекти

Преку Фондот за развој и проекти на Црвениот крст на РСМ во 2022 година поддржани се 8 проекти од ООЦК/ЦКГ Скопје. Со вкупен износ од 1.286.294.00 МКД поддржани се развојни иницијативи на ООЦК Делчево, Гевгелија, Карпош, Кисела Вода, Крушево, Радовиш и ЦКГ Скопје, насочени кон зголемување на бројот на членови, развивање на форми за организирање на волонтери, придонес кон одржување на финансиска стабилност, развој на одржливи услуги и сервиси кон ранливи целни групи или зајакнување на капацитети и создавање на услови за организирање на работата на Црвениот крст. Во периодот 26-28.10.2022 година во центарот за едукација на кадри „Солферино" се одржа обука на претставници од 7 ООЦК за подобрување на квалитетот на подготовка на проектни апликации во фондот за 2023 година.

## Менторска поддршка

Црвениот крст на РСМ во текот на 2022 година започна со спроведување на менторски развојни програми за развој на ООЦК/ЦКГ Скопје со кои ќе обезбеди поддршка за унапредување на работењето и постигнување на подобри резултати во организирање и испорака на услуги кон целните групи. Со претставници од раководните и управните структури на ООЦК Виница, Дебар, Делчево, Демир Хисар, Кочани, Ресен, Свети Николе и Тетово се имплементираа 6 месечни локални развојни планови. По успешната имплементација на локалните активности на овие ООЦК, кон крајот на годината одржана е работилница со нови 8 ООЦК: Гевгелија, Куманово, Струга, Неготино, Радовиш, Пробиштип, Велес и Штип, со кои ќе се имплементираат локални планови за менторска поддршка за развој во текот на 2023 година.

# Трансформација 28

Во почетокот на 2022 година се иницираше процес за развој на Црвениот крст на РСМ преку операционализација на стратешките заложби на националното друштво со конкретни чекори за промени и подобрување во работењето, при тоа искажувајќи ги своите амбиции и заложби за дополнително ангажирање и градење одржливи партнерства за влијание во заедниците и желбата да се изгради здраво и безбедно општество. Овој процес, насловен „Трансформација 28“ претставува насочување на севкупните напори за промовирање на адвокативност, пласманот на услуги и видливост во работата, развивање на ефикасна функционалност на структурата на организацијата, одржување на чекор со актуелните состојби и потреби за развој и иновација во локалното дејствување, и создавање можности за развивање на дополнителни партнерства и соработки за одговор на потребите на населението. „Трансформација 28“ претставува сет од промени за кои се залага Црвениот крст на РСМ во наредниот 5 годишен период, а се засноваат на анализи и проценки на актуелните состојби, и консултативни процеси со партнерските организации и институции за можен развој на дополнителни услуги кон целните групи.

Во 2022 година спроведен е консултативниот процес во организацијата (со 1.481 вработени, волонтери и членови), со партнерски институции и организации (432 лица), анкети со корисници и даватели на услуги (1.369 лица) и истражување на јавното мислење (1.000 испитаници) во државата за работата на Црвениот крст. Севкупно во процесот на консултации опфатени се 4.282 лица со цел да се обезбедат насоки, размислувања, перцепции и препораки поврзани со мисијата на Црвениот крст во однос на развојните приоритети и заложби за претстојниот петгодишен период базирани на потребите на граѓаните во државата. Одржани се консултативните средби и со Претседателот на Република Северна Македонија, г-дин Стево Пендаровски, со претставници од Министерство за здравство, Министерство за труд и социјална политика, Центар за управување со кризи, Дирекција за заштита и спасување, работилница со универзитетски професори, работилница со претставници на стопанските комори и корпоративниот сектор, работилници со меѓународни организации и здруженија во РСМ, работилница со претставници на медиуми, работилница со осигурителни компании, работилница со претставници на Австриски Црвен крст и работилница со Академија Солферино на Меѓународна Федерација.

За потребите на процесот „Трансформација 28“ беа консултирани и надворешни експерти од доменот на здравствената превенција, социјалната заштита и кризен менаџмент, кои изнесоа свои перцепции за состојби и трендови во државата и нивни предвидувања за можно вклучување на Црвениот крст во задоволување на приоритетни потреби на целни групи на корисници во претстојниот период.

Со цел да се испита задоволството на општата јавност во државата и пред се корисниците на услуги на Црвениот крст беше спроведено истражување на јавното мислење во РСМ за работата на Црвениот крст како и две анкети со даватели на услуги во Црвениот крст и корисници на услуги на Црвениот крст. Сите согледувања, препораки и заклучоци од овие активности претставуваа основа за имплементација на трансформациски процеси кои ќе бидат предмет на детална разработка во наредните пет години низ програмското и оперативно планирање. Финализација на документот и започнување на периодот на имплементација на активностите за промени е предвиден за првата половина од 2023 година.

Црвен крст на Република Северна Македонија
Kryqi i Kuq i Republikës së Maqedonisë së Veriut

## Соработка со државни институции и дипломатски претставништва

Одговорот на Црвениот крст на хуманитарните предизвици во нашата земја во изминатите години бележи успешни приказни на мобилизирање хуманитарна помош и поддршка за најранливите категории на население, што не прави препознатлив партнер на државата особено во време на кризни состојби и катастрофи. Работевме посветено во обезбедување на хуманитарната помош за надминување на последиците од катастрофите и кризните состојби кои ја зафатија нашата земја и на подигање на јавната свест за заштита од катастрофи. Промовиравме доброволно крводарување за да се обезбедат потребните количини на крв и крвни продукти за потребите на здравствениот систем, спроведувавме обуки за укажување прва помош за различни целни групи и организиравме здравствено – превентивни активности и социјално хуманитарни активности за различни категории на корисници.

Во комуникација и соработка со Владата и ресорните министерства, единиците на локална самоуправа и локалните институции спроведувавме активности од општествен карактер, наменети за подобрување на добросостојбата на заедницата во мирновременски услови и при кризни состојби. Транспарентното, одговорното и квалитетното работење резултираше со директна поддршка и присуство на повеќе настани во текот на 2022 година на Премиерот Димитар Ковачевски, Министерот за здравство Беким Сали, Министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски, Министерката за труд и социјална политика Јована Тренчевска, Министерот за надворешни работи Бујар Османи, Министерот за образование и наука Јетон Шаќири и други високи претставници на државните институции.

Средби за соработка се остварени и со градоначалниците на град Скопје и општините Кавадарци, Битола, Новаци, Могила, Гевгелија и други единици на локална самоуправа. Договорени се унапредувања на постојните практики во програмските активности, јакнење на просторни и оперативни капацитети на организацијата,поддршка во подготвеноста за ефикасен одговор во случај на катастрофи преку програма за стокови резерви и отворен е простор за развивање на дополнителни иницијативи со цел да се направи повеќе за луѓето кои имаат потреба од помош.

Претседателот на државата Стево Пендаровски во неколку наврати во 2022 година го посети Црвениот крст на РСМ, а за посебно истакнување е посетата на 07.07.2022 година кога гостуваше на редовна седница на Раководниот одбор на Црвениот крст на РСМ на која активно се разработуваа иницијативите за развој на волонтерството и претстојниот процес „Трансформација 28“. Со Министерството за надворешни работи е потпишан меморандум за соработка за поефикасна координација за собирање помош за Украина. Во изминатата година остварени се повеќе средби со претставници од Финансиската полиција, Македонски полициски синдикат, Агенција за примена на јазикот на РСМ, дипломатски претставништва во РСМ, Амбасадор на Украина во РСМ д-р Наталија Задоружњик, Амбасадор на Израел Н.Е. Симоне Франкел, Амбасадор на РСМ во Р. Хрватска д-р Милаим Фетаи и други, во насока на унапредување на соработката и поддршката на активностите на Црвениот крст на РСМ.



# СОРАБОТКА СО МЕЃУНАРОДНИ ПАРТНЕРИ

Мисијата на Црвениот крст на РСМ се потпира врз градење и развивање партнерски односи со компонентите на Движењето на ЦК и ЦП, државните институции, приватниот сектор и други организации, со цел да се обезбеди сеопфатна поддршка за лицата на кои им е потребна помош. Изминатата година соработката со партнерите беше во насока на имплементација на заеднички иницијативи за одговор на приоритетни потреби на различни целни групи, создавање на заеднички вредности, споделување и надградба на ресурси и капацитети. Особена поддршка е обезбедена за адаптација на работењето во услови по пандемијата Ковид-19 и одговор на потребите на мигрантското население со акцент на населението кое доаѓа од Украина.

## Поддршка

Во соработка со долгорочните партнери - Австриски Црвен крст, Италијански Црвен крст, Швајцарски Црвен крст и Турската Црвена полумесечина, обезбедена е поддршка за програмски активности и хуманитарна помош за ранливото население, ирегуларни мигранти, поддршка за развој на социјални и економски услуги за население и др. Одржани се повеќе состаноци меѓу кои средба со г-дин Харалд Фугер – Аташе на Австриското Министерство за социјална работа, здравство, грижа и заштита на потрошувачите, програмски и проектни координатори при Австрискиот Црвен крст и проектни координатори на Турската Црвена полумесечина. Преку инструментите на Меѓународната Федерација обезбедена е поддршка за имунизација на населението од Ковид-19, дистрибуција на хуманитарна помош и активности за промоција на хигиена, психолошка прва помош и психосоцијална поддршка, и обезбедена е поддршка за населението кое мигрира како последица на конфликтот во Украина. Со поддршка на МКЦК зајакнати се капацитетите за имплементација на активностите на програмата за воспоставување на семејни врски и промоција на МХП.

## Статутарни состаноци

Делегација на Црвениот крст на РСМ предводена од Претседателот на Црвениот крст на РСМ проф. д-р Ромел Велев и Генералниот секретар д-р Саит Саити учествуваше на 23-та седница на Генералното собрание на Меѓународната федерација на друштвата на Црвен крст и Црвена полумесечина и на состанок на Советот на делегати на Движењето кои се одржаа во Женева во периодот 19-23.06.2022 година.



# Билатерални средби

Претставници на Црвениот крст на РСМ зедоа учество на повеќе билатерални и регионални состаноци и обуки во рамките на проектните активности. Генералниот секретар на Црвениот крст на РСМ д-р Саит Саити во периодот 21-22.10.2022 година ја посети меѓународната теренска вежба на тимови за одговор на кризи, организирана од Црвениот крст на Хрватска со поддршка на партнерите мрежата „Соседите помагаат први“. Претседателот проф. д-р Ромел Велев оствари работна посета на Црвениот крст на Србија во периодот 20-23.10.2022 година. Во периодот 18-22.04.2022 година Црвениот крст на РСМ беше посетен од страна на Раководителот на регионалната канцеларија на Меѓународната Федерација на друштвата на Црвен крст и Црвена полумесечина г-ѓа Мариа Кристенсен. Работни посети се остварени од страна на претставници на Црвениот крст на Косово и Турската полумесечина, додека во периодот 28-29.10.2022 година делегација на Албанскиот Црвен крст во чиј состав беа генералниот секретар Артур Катучи, претседателот Или Алуши, потпретседателот и членовите на Раководниот одбор на Црвен крст Албанија имаа заедничка работна средба со генералниот секретар на Црвен крст на РСМ д-р Саит Саити, претседателот проф. д-р Ромел Велев, потпретседателите и дел од стручна служба.



# КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ И МЕНАЏИРАЊЕ НА ВОЛОНТЕРИ И ЧЛЕНОВИ

## Волонтирање во Црвен крст на РСМ

Волонтерското дејствување е важен аспект од работата на Црвениот крст на РСМ и има континуиран развој во текот на постоењето на организацијата. Волонтирањето е клучно за нашиот организациски модел и ни овозможува директна и блиска врска со заедниците и социјално, развојно и хуманитарно дејствување. Посветено работевме на мотивирање на доброволно волонтирање во организацијата на Црвен крст на РСМ преку развој на нови, пофлексибилни, отворени и комплементарни приоди кои ќе ни овозможат создавање на поефикасна мрежа на хуманитарни работници кои работат за општото добро во нашите локални заедници. Ја негувавме нашата волонтерска база за да обезбедиме широк спектар на волонтерски услуги, давајќи го нашиот придонес во општественото опкружување особено при кризни состојби и инвестиравме во обезбедување на разновидност во нашата волонтерска база и можностите што им се достапни на сите волонтери.

Работевме на донесување на соодветни политики и програми за менаџмент на волонтери и членови и системи кои се дисеминирани, општо прифатени од страна на раководството и управата на организацијата и волонтерите и членовите. Активно работевме и на зајакнување на капацитетите на човечките ресурси за менаџмент на волонтери, унапредување на системот за ангажирање на постоечките волонтери во работата на ООЦК и ЦКГС и унапредување на системот за привлекување, задржување и мотивирање на нови волонтери. Во овој процес континуирано ги користевме позитивните искуства во Движењето на полето на развој на волонтерството.

Преземавме активности за подигање на јавната свест за значењето на волонтерството во државата како и споделување на повратни информации до заедниците и активно вклучување на волонтерите во процесот на планирање и одлучување.



## Светски Ден на волонтерство

По повод Светскиот ден на волонтерството, 5-ти декември, Црвениот крст на РСМ организираше пригоден настан на плоштад Македонија во Скопје со цел да се оддаде признание за придонесот на волонтерите на Црвен крст. Настанот беше одбележан под мотото “Солидарност преку волонтирање” со пригодно обраќање на Генералниот секретар на Црвениот крст на РСМ, д-р Саит Саити кој зборуваше за значењето на волонтерството и придонесот на 3.900 волонтери на Црвениот крст на РСМ во спроведувањето на активностите на националното друштво во државата.

По повод Светскиот ден на волонтерството, Црвен крст на РСМ додели Благодарници на волонтери кои дале посебен придонес во реализацијата на целите и задачите на националното друштво во 2022 година. Добитници на благодарниците се: Менче Јовановска од ООЦК Ресен, Роберт Раман и Един Шабани од ООЦК Чаир, Катица Жежова од ООЦК Штип, Никол Ѓорѓевска од ООЦК Куманово, Леона Костоска од ЦК на град Скопје и група волонтери од Битола Христина Стојкоска, Антонио Богдановски, Пеце Крстески, Кристијан Крстески, Ангела Цветковска, Јасна Младеновска, Димитар Баулоски, Теа Ристеска, Ана Гунзовска, Симон Михајловски и Емре Мифтари.




## Членство на Црвен крст на РСМ

Во изминатата година активно работевме на зголемување на бројот на нови членови и задржување на постојните членови во организацијата на Црвен крст. Годинава нашата организација започна со разработување на нов модел за членување кој треба да овозможи нови погодности за зачленување и можности за пошироко вклучување и обезбедување на поголема јавна поддршка за активностите на Црвениот крст. Крајната цел е секако преку обезбедување на поголем број на членови да се обезбеди и поголем број на волонтери кои ќе дадат активен придонес во имплементацијата на програмските активности.

Во 2022 година регистрирани се вкупно 18.045 члена во 32 ООЦК на РСМ.

# СОЦИЈАЛНО – ХУМАНИТАРНИ ПРОГРАМИ



## Лична асистенција на лица со попреченост

Црвениот крст на РСМ веќе петта година ја испорачува услугата лична асистенција на лица со попреченост, со поддршка на Министерството за труд и социјална политика. Оваа услуга за прв пат се воведе во 2018 година со цел обезбедување на независен и квалитетен живот на лицата со попреченост во заедницата. Со донесувањето на новиот Закон за социјална заштита, услугата лична асистенција е дел од пакетот социјални услуги за подобрување на квалитетот на живеење на лицата со попреченост во системот на социјална заштита.

Со законските измени возрасната граница за обезбедување на услугата за лична асистенција на лица со попреченост е спуштена и започнува со 6 години и истата може да ја користат лица со навршени 65 години. Корисници на услугата лична асистенција се лица со потешка и најтешка телесна попреченост и потполно слепи лица. Личната асистенција треба да му помогне на лицето со попреченост да постигне поголема независност и целосно да ги исполни своите права. Личната асистенција се заснова на фактот дека лицата со попреченост треба да имаат еднакви права како и сите други и треба да овозможат слобода на избор и независно раководење на личниот живот.

Преку ЦКГС, и ООЦК Битола, Струга, Струмица, Гостивар, Неготино, Велес и Куманово услугата беше испорачана на вкупно 265 корисници од страна на вкупно 195 ангажирани лични асистенти. Редовни координативни средби на локално ниво беа остварени со претставници на центрите за социјална работа, асистентите и корисниците во врска со реализирање на услугата.

За реализираната услуга за лична асистенција на лица со попреченост Црвениот крст на РСМ спроведе евалуација за периодот јануари-октомври 2022 година, со цел да се утврди задоволството на корисниците, како и на непосредните испорачатели на услугата. Од заклучоците во извештајот од спроведената евалуација може да се забележи дека постои големо задоволство кај корисниците од испорачаната услуга.

## Обука на лични асистенти на лица со попреченост

Црвениот крст на РСМ како провајдер на обуки за лична асистенција на лица со попреченост во осум ООЦК и ЦКГС, во текот на 2022 година од страна на Министерството за образование и наука е верификувана организација како центар за едукација на возрасни за спроведување на програмата и во општинските организации на Црвениот крст Радовиш, Крива Паланка, Охрид, Штип, Делчево и Прилеп. За реализација на обуките ангажирани се едукатори - стручни лица од различни профили, со цел кандидатите да се стекнат со потребни знаења и вештини за лична асистенција на лица со попреченост.

Програмата за обука за лична асистенција на лица со попреченост има за цел да го подобри системот, услугите и професионалните капацитети за социјална вклученост на мажите и жените кои се во понеповолна положба и да ги унапреди еднаквите можности на пазарот на труд.

Во текот на 2022 година организирани се 15 обуки за лична асистенција. Со обуките се опфатени 207 долгорочно невработени лица кои се стекнаа со сертификат за личен асистент на лица со попреченост. Обуките беа спроведени со поддршка на донатори и партнери со кои Црвениот крст на РСМ остварува плодна соработка.

## Нега и помош на стари лица и лица со попреченост во домашни услови

Црвениот крст на РСМ втора година во континуитет со поддршка на Министерството за труд и социјална политика ја испорачува услугата за нега на стари лица во домашни услови. Истата се спроведува преку ЦКГС и ООЦК Струмица, Струга, Кичево и Македонски Брод, Кавадарци, Кочани и Крива Паланка, кои се лиценцирани провајдери на услугата нега и помош во домот.

Услугата се испорачува бесплатно кон крајните корисници, кои се селектирани од страна на центрите за социјална работа согласно утврдените критериуми за користење на услугата.

Со услугата се опфатени 464 стари лица, која ја испорачуваат 165 обучени негуватели. Негувателите на стари лица се оспособени со вештини и компетенции за давање на основни здравствени и социјални услуги во домашни услови на лица кои поради возраст, хронични болести и други причини се во состојба на изнемоштеност и неможност да се грижат за себе.

Во текот на годината Министерството за труд и социјална политика со поддршка на Светска банка објави втор повик за поддршка на проекти за развој на социјални услуги во локалните заедници, на кој аплицираа неколку општини во партнерство со Црвениот крст. Од шест општински организации кои потпишаа договори за финансирање на проектни активности за развој на социјални услуги, услугата за нега и помош во домот ќе се прошири и ќе се испорачува и преку општинските организации на Црвен крст Крушево и Пробиштип.

*...„Јас сум Стојан Коцев од с. Старо Коњарево – Ново Село, ја користам услугата „Помош и нега во домот". Додека немав негувател бев сам, немаше кој да се грижи за мене, немаше со кој да разговарам. Сега мојот негувател се грижи за мене, секој ден доаѓа, ми помага во домот и најважното нешто што е потребно за секој стар човек е да има со кој да разговара. Со мојот негувател заедно го пиеме утринското кафе и со него можам да ги споделам сите работи кои ме мачат..."*

Со цел услугите да бидат достапни до пошироката јавност, Црвениот крст на РСМ изгради концепт за испорака на социјалните услуги и за граѓани кои можат да ја користат истата со одреден надомест, за да се обезбеди одржлив развој на социјалните сервиси. Ваков вид на услуги се испорачуваат преку Центар Нега на ЦКГС каде во текот на годината на месечно ниво 10 негуватели опслужија 10 корисници со услугата за нега на стари лица во домашни услови. На 2 корисници им се обезбедува услуга за нега преку центарот за нега при Општинската организација на Црвен крст Охрид, и по еден корисник преку центрите на општинските организации Струмица и Гевгелија.

## Обуки за негуватели за помош и нега на стари лица и лица со попреченост

Црвениот крст на РСМ во текот на годината продолжи да ја спроведува програмата за обука на негуватели за помош и нега на стари лица и лица со попреченост, верификувана од страна на Центарот за образование на возрасните. Црвениот крст од страна на Министерството за образование и наука е верификувана организација како центар за едукација на возрасни за спроведување на обуки за негуватели за нега и помош на стари лица и лица со попреченост во Скопје и 16 општини во земјата.

Во текот на годината организирани се 20 обуки за негуватели. Со обуките се опфатени 265 долгорочно невработени лица кои се стекнаа со сертификат за негувател за помош и нега на стари лица и лица со попреченост. Обуките беа спроведени со поддршка на донатори и партнери со кои Црвениот крст на РСМ остварува плодна соработка. Црвениот крст на РСМ со поддршка на УНДП во текот на месец декември започна обука за асистенти за нега на лица од алцхајмерова болест која се спроведува преку Црвен крст на град Скопје. Обуките се спроведуваат за потребите на неколку здруженија на граѓани.



## Активно и здраво стареење

Социјалните услуги за помош и грижа на старите лица во домашни услови  кои се имплементираа преку ЦКГС  се спроведуваа со поддршка на градот Скопје, Фондацијата Албиз и Швајцарскиот Црвен крст. Десет волонтери на Црвениот крст и пет медицински лица се ангажирани за испорака на социјални и здравствени  услуги на 200 стари лица во домашни услови. Во текот на годината се имплементираа и активности за старите лица преку дневните центри за стари лица и центри за давање помош во домашни услови со простории во ДХО „Даре Џамбаз“, во ООЦК Чаир, како и во просториите на основното училиште во Општина Сарај.

Ваков вид на активности продолжија да се имплементираат и во Дневниот центар за стари лица во  Гази Баба. На месечно ниво во  дневните центри се реализираа над  3125 посети. Преку ООЦК Крива Паланка, Неготино, Велес, Охрид и Прилеп, функционираат клубови на стари лица, кои во текот на годината реализираа активности за здраво стареење од едукативен карактер, креативни и рекреативни активности, и хуманитарни активности во кои непосредно беа вклучени постарите лица.  Во просек во клубовите активно се вклучени околу 40 постари граѓани.




## Зајакнување на отпорноста на старите лица и лицата со попреченост

Проектот„Зајакнување на отпорноста на старите лица и лицата со попреченост за време на КОВИД-19 и идни катастрофи“ е тригодишна иницијатива во регионот на Западен Балкан, координирана од Црвениот крст на Србија и поддржана од Европската унија, Австриската агенција за развој и Австрискиот Црвен крст. Црвениот крст на РСМ и здружението Хуманост се заеднички партнери во имплементација на проектните активности во Северна Македонија. Целта на проектот е постарите лица, лицата со попреченост, националните друштва на Црвен  крст и здруженијата на граѓани подобро да се справат со ситуацијата КОВИД-19 во Албанија, Босна и Херцеговина, Северна Македонија, Црна Гора, Србија и Косово.

Во проектот опфатени се активности во четири тематски области за зачувување на менталното здравје и градење на отпорност преку обезбедување на услуги за психо-социјална поддршка на старите лица и лица со попреченост; зајакнување на локалните заедници преку обезбедување на поддршка на мали грантови за микро проекти на локално ниво за имплементација на различни активности за социјално вклучување за стари лица и лица со попреченост и обезбедување препораки базирани на докази за влијание во политики за услугите за долгорочна нега за време на КОВИД 19.

Работна група на Црвениот крст на РСМ работеше на развој на документ за стандардни оперативни процедури за примена на алатката за готовински трансфер и поддршка преку ваучери. Црвениот крст на РСМ во март 2022 година изврши дистрибуција на еднократна финансиска помош за 1.000 ранливи лица - со право на гарантирана минимална помош, во чии домаќинства има член над 69 годишна возраст. Во периодот октомври-декември 2022 година се спроведоа посети на 112 корисници кои беа опфатени со дистрибуцијата на финансиската помош.

Црвениот крст на РСМ објави повик за поддршка на мали проекти за социјална инклузија на стари лица и лица со попреченост, наменети за здруженија на граѓани кои се членки на мрежата ИНКЛУЗИВАМ, како и здруженија кои работат со програми за здраво стареење.

По добиени апликации од невладини организации за поддршка на мали проекти, беше извршена евалуација и беа избрани 10 мали проекти. На 6 октомври 2022 година беше организиран настан на кој беа потпишани договори со 10 невладини организации. Проектните активности предвидено е да се имплементираат во период од десет месеци.

## Ублажување на ефектите и последиците од КОВИД-19

Во рамки на проектот „Ублажување на ефектите и последиците од КОВИД-19 врз најранливите во општеството со посебен фокус на постарите луѓе" поддржан од Австриското Министерство за социјална работа, здравство, грижа и заштита на потрошувачите и Австрискиот Црвен крст, во текот на 2022 година беа организирани четири обуки за негуватели за помош и нега на старите лица и лица со попреченост. Организирани се и четири обуки за едукатори кои ја спроведуваат програмата за негуватели. Обуките беа спроведени преку ООЦК Велес, Кичево, Гостивар и ЦКГС. Опфатени се 75 долгорочно невработени лица кои се стекнаа со сертификат за негуватели. Со поддршка на Австрискиот Црвен крст проектните активности ќе продолжат да се имплементираат и следната година преку ООЦК Дебар.

## Подобрување на социо - економската ситуација на маргинализирани лица

Организирани се 7 обуки за негуватели за помош и нега на стари лица и лица со попреченост во рамки на проектот „КОВИД-19 одговор за подобрување на социо - економската ситуација на маргинализираните лица во 6 држави во Западниот Балкан", поддржан од Австриската агенција за развој и Австрискиот Црвен крст. Со обуките беа опфатени 80 долгорочно невработени жени од 7 градови во РСМ. Обуките се спроведоа преку ООЦК Битола, Струга, Штип и Куманово. На кандидатите кои следеа тримесечна обука им беше доделена финансиска помош. Во месец ноември 2022 година беше одржана работилница за научени лекции за примена на алатката за готовински трансфер на парични средства и ваучери – (CVA). Работилницата беше поддржана од страна на претставници на Австрискиот Црвен крст. Во рамки на проектот беа организирани и 4 обуки за едукатори кои ги реализираат обуките со цел да се зајакнат нивните вештини за спроведување на програмата за обука за негуватели.

## Развој на услуги за интегрирана долгорочна грижа и поддршка во заедниците

Во 2020 година, Црвениот крст на РСМ започна со имплементација на активности во рамки на социјално-здравствениот проект „Развој на деловни услуги за интегрирана грижа и поддршка во ЦКРСМ" поддржан од Австриска Агенција за развој, Австриски Црвен крст и Швајцарски Црвен крст. Проектот има за цел развивање на услуги кои ги зголемуваат можностите за професионално згрижување на стари и изнемоштени лица. Една од предвидените цели е отворање на Социјално медицински Центар на крајбрежјето на Охридското езеро во општина Струга по современи стандарди со цел квалитетно и професионално згрижување на стари и изнемоштени лица. Изготвена е студија на изводливост за објектот врз чија основа меѓународни експерти изготвуваат бизнис план. Бизнис планот ќе служи за увид во долгорочната економската одржливост на Социјално Медицинскиот Центар во дадените услови но и како основа при потенцијални можности за финансирање преку меѓународни развојни банки и фондови. Директна корист се предвидува да имаат од 70 до 150 потенцијални корисници.

Пилотирањето на услугата „Итно Копче" е во тек и истата е предвидена за помош на стари лица и лица со попреченост во нивните домови со опфат на 110 корисници. Услугата Итно Копче се спроведува преку поставување уреди со чија помош стари и изнемоштени лица можат да повикаат помош при итен случај или незгода. Преку притискање на копче на уредот се остварува врска со контакт центарот во Момин поток каде има обучен тим составен од парамедици, социјален работник, возачи и телефонски оператори кои реагираат соодветно согласно потребите на корисникот. Тимот моментално располага со две опремени наменски возила и потребни медицински материјали. Доколку корисник се наоѓа во живото-загрозувачка состојба тимот повикува професионална помош од соодветна институција. Тимот на „Итно Копче" паралелно ја врши и услуга за транспорт на стари и изнемоштени лица со наменски возила,








услугата се закажува однапред преку ангажираните телефонски оператори. Оваа услуга е наменета за обезбедување превоз до здравствени, социјални или друг вид на установи на лица кои не се во живото-загрозувачка состојба. Предвидено е спроведување на 4 обуки за негуватели за помош и нега на стари лица и лица со попреченост преку кои целта е да се обучат 60 негуватели. Досега успешно се завршени две обуки додека во тек е подготовката на третата обука за негуватели, истите се спроведуваат од страна на ЦКГС. Во рамките на проектот „Поддршка за инклузивен развој на услуги за долгорочна грижа во заедниците преку инкорпорирање на партиципативни пристапи на различни чинители", поддржан од Европската унија, претставена преку Европската комисија е предвидена поддршка на услугата „Итно Копче" преку финансирање на 50 од вкупно 110 корисници на услугата во пилот фазата, како и дополнителна поддршка при спроведување на обуките за негуватели.

*...„Јас сум Лаура Салиу, вработена, во Сервисот – „Итно копче" при Црвен крст на Град Скопје. Работата ме исполнува, но најмногу сум задоволна затоа што е хумана работа а хуманоста е дел на мојот животен стил. Исполнувањето на работните одговорности во тимот на „Итно копче" ми овозможува да помагам на стари лица кои имаат потреба од помош и со тоа сметам дека позитивно придонесувам во нашето општество. Дополнително чувствувам одговорност да дадам добар пример на помладите колеги во тимот со цел да работиме од срце и со љубов..."*

## Подобрување на социјализација на деца и млади со попреченост

Црвениот крст на РСМ во соработка и со поддршка на Комерцијална банка АД Скопје дванаесет години во континуитет ги имплементираше Проектот „Подобрување на социјализацијата на деца и млади со попреченост". Во проектот вклучени се општинските организации на Црвен крст Велес, Кичево, Гостивар, Дебар, Делчево, Прилеп, Кавадарци и ЦКГС, преку кои во текот на годината се имплементираа активностите за подобрување на социјализацијата на децата од дневните центри и децата во

згрижувачки семејства. Со проектните активности опфатени беа вкупно 340 деца со попреченост на возраст од 3-26 години.

## Одмор и рекреација на деца од семејства со социјален ризик, деца корисници на посебен додаток и други права

Црвениот крст на РСМ во соработка и поддршка на Министерството за труд и социјална политика во месец август 2022 година имплементираа заеднички активности во рамки на проектот „Одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток". Црвениот крст на РСМ ги организираше активностите во одморалиштето „Бегова Корија" во Крушево, каде престојуваа деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток. Црвениот крст на РСМ обезбеди волонтери - воспитувачи/стручни соработници на општинските организации на Црвениот крст кои ги придружуваа децата за време на нивниот престој. Волонтерите на Црвен крст преку подготвени програми, за време на престојот во одморалиштето со децата спроведуваа рекреативни, едукативни и воспитни активности согласно возраста и потребите на корисниците на услугите.

## Превенција од трговија со луѓе

Црвениот крст на РСМ со одржување на превентивни лекции за борба против трговија со луѓе го одбележа 18 Октомври – Европскиот ден на борба против трговија со луѓе. Беа организирани 22 работилници за превенција со млади од основни и средни училишта, со волонтери од Клубови на млади на Црвениот крст, како и една работилница со лицата евакуирани од Авганистан сместени во х. „Њу стар". Превентивните лекции имаа за цел подигање на свеста на младите, препознавање на начините преку кои можат да бидат вовлечени во трговијата со луѓе и нивна самозаштита. Во текот на годината беа организирани 64 превентивни работилници со кои беа опфатени 2.136 млади. Во организација на Црвениот крст Србија во април 2022 год. во Белград, беше одржан меѓународен семинар на тема „Миграции и Превенција од трговија со луѓе", на кој беа разменети искуства и беа дадени иницијативи за понатамошна заедничка соработка. Црвен крст на РСМ презентираше свои активности за поддршка на бегалци и мигранти, како и активности за превенција од трговија со луѓе.

## Меѓународен ден на старите лица

Црвениот крст на РСМ се вклучи во одбележување на 1 октомври – Меѓународен ден на старите лица под мотото „Отпорност на постарите лица во светот што се менува" – истакнувајќи ја улогата на постарите жени во надминување на одредени предизвици и придонес за нивни решенија. Едукативни работилници за правата на старите лица, информативни работилници за прашања од интерес на старите лица, креативни работилници за активна вклученост на постарите граѓани, се само дел од активностите кои беа спроведени по повод денот.

## „Помислете и на нас"

Црвениот крст на РСМ од 16 до 22 октомври ја одбележа Неделата на борба против гладта под мотото „Помислете и на нас". Со кампањата Црвениот крст даде придонес во напори за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост на граѓаните. Во рамките на кампањата се организираа хуманитарни акции за обезбедување донации во парични средства и храна со поддршка на компании и граѓани. Во кампањата обезбедена е храна во вкупна количина од 18.100 кг. и истата е дистрибуирана на 3034 лица во социјален ризик.

## „Вашиот прилог – значајна помош"

Црвениот крст на РСМ од 18 до 24 април 2022 година во рамките на традиционалната „Недела на солидарност" организираше хуманитарна акција под мотото: „Вашиот прилог - значајна помош". Акцијата имаше за цел да се подигне свеста на населението за потребната меѓусебна поддршка, како и да се обезбеди соодветна помош за најранливите категории на население. Во акцијата беа обезбедени 10.150 кг храна, 6.200 кг облека, 1.520 кг средства за хигиена и 712 обувки. Помошта се дистрибуираше на 2253 семејства во социјален ризик.

## „Сите сме нивни деца“

Неделата на грижа за старите лица“ беше одбележана од 14 до 20 ноември 2022 година под мотото: „Сите сме нивни деца“. Целта беше да се подигне јавната свест за потребата од зголемена интеграција на старите лица во сите сфери на општествениот живот, како и потреба за обезбедување на грижа и помош на старите лица. За одбележување на неделата беше обезбедена поддршка од УНФПА со која Црвениот крст соработува на актуелни прашања наменети за старата популација, како и здравствена превенција на ранливи целни групи население. Обезбедена беше поддршка за функционирање на 10 мобилни тимови за бесплатна услуга за набавка и достава на храна, хигиена, лекови и др. на стари и осамени лица во период од еден месец. Со оваа услуга беа опфатени 715 лица. Организирани се 30 информативни работилници со лица од трето доба за нивно запознавање со правата од социјална и здравствена заштита со цел подобрување на нивниот квалитет на живеење и здраво стареење. Со работилниците вкупно беа опфатени 983 постари граѓани.

## Пункт за бездомници

Пунктот за бездомници во Момин Поток кој функционира преку ЦКГС, во текот на годината во просек го посетија 165 бездомни лица. Бездомните лица добиваа услуги од фризер/бербер, преглед и совети од доктор како и лекови, топол оброк и напитоци, стручно-советодавен разговор со социјален работник и психолог. Во 2022 реализирани се 61 медицински прегледи и дадени се 178 здравствени совети. Кај социјалниот работник се реализирани 845 стручно советодавни посети. Во изминатите 12 месеци извадени се лични документи за 148 лица (изводи на родени, државјанства, лични карти, како и други потребни документи). За овие лица по обезбедувањето на документите започнати се процеси за добивање на социјална помош или за остварување на друго право од областа на социјалната заштита. Психолошката поддршка и помош на бездомните лица кои ги користат услугите во пунктот е неразделен сегмент во стручната работа која се спроведува за побрзо и поуспешно надминување на социо-психолошките проблеми со кои се соочува оваа категорија на лица. Преку најразлични психолошки методи и техники, се работи на подобрување на интегритетот на личноста, зголемување на мотивацијата да се направи позитивен исчекор за повторно враќање во здравите општествени текови како и воспоставување на психолошки баланс за нивно ефикасно и ефективно функционирање. Во пунктот во текот на 2022 година беа реализирани 8.356 посети и поделени се 23.627 парчиња облека.



# ЗДРАВСТВЕНО ПРЕВЕНТИВНИ ПРОГРАМИ



Црвениот крст на РСМ преку здравствено – превентивната програма има за цел да овозможи промоција на здравјето како најзначаен предуслов за целосно реализирање на човечкиот потенцијал, човечкото достоинство и човековите права. Во текот на 2022 година Црвениот крст на РСМ преку здравствено превентивни едукации и промотивни активности даде свој придонес во подигање на свеста на населението за заштита и превенција од заразни и незаразни заболувања. Исто така националното друштво работеше на зајакнување на отпорноста на заедниците и подобрување на здравјето на нејзините членови, преку спречување и намалување на ризиците и промоција на здрави животни навики.

## Намалување на штети од употреба на дрога

Намалување на штетите од употреба на дрога е проект на Министерството за здравство наменет за лицата – корисници на дрога и се спроведува преку ООЦК Кичево, ООЦК Велес и ООЦК Прилеп. Во 2022 година беа опфатени 582 лица. Во соработка со Институтот за јавно здравје и НВО ХЕРА реализирано е доверливо советување и тестирање во Прилеп и Велес на 10 лица. Во Прилеп се спроведени 180 услуги во психолошкиот сервис за 62 лица. Поделени се 71.518 игли и 47.749 шприцеви, стерилен сет за инјектирање, 3.886 кондоми, 2.464 лубриканти и 2.103 ИЕК на лица кои инјектираат дрога.

## Безбедни и иновативни здравствени услуги во време на КОВИД-19

Црвениот крст на РСМ во 2022 година ги поддржа активностите на УНФПА и Министерство за здравство за обезбедување на мобилни гинеколошки амбуланти во рурални средини во државата. Волонтерите на Црвениот крст активно беа вклучени во поддршка на мобилните гинеколошки амбуланти во 19 општини во државата каде што се спроведуваше скрининг на рак на грло на матка на ранлива категорија на жени. Црвениот крст обезбеди административна поддршка, мапирање и информирање на ранливата категорија на жени со цел жените кои живеат во пооддалечените места и на кои пристапот до здравствените услуги за сексуално и репродуктивно здравје им е отежнат да се информираат за работата на мобилната амбуланта.

## Поддршка на процесот на КОВИД-19 вакцинација

Црвениот крст на РСМ во текот на 2022 година обезбеди поддршка на Министерството за здравство во процесот на вакцинација против КОВИД-19. Активности за поддршка на населението на вакциналните пунктови беа во насока на административно – логистичка поддршка, прва помош, психолошка прва помош, како и транспорт на ранлива категорија на население до КОВИД-19 вакциналните пунктови. Во периодот од 20 март до 01 април и 19 - 26 октомври 2022 година Црвениот крст на РСМ обезбеди поддршка на КОВИД-19 вакциналниот караван на 38 различни локации во земјата. Оваа активност беше поддржана од СЗО, Министерство за здравство и УНИЦЕФ.

***„Посебно ми е драго што помогнав на постари лица кои имаа потешкотии со пополнување на согласностите и придружување во текот на целиот процес. Благодарноста, насмевките и благословите ќе ми останат врежани во моите спомени засекогаш".***

Теодор – ангажиран волонтер на КОВИД-19 вакцинален пункт

Во периодот јуни-октомври беа одржани две работилници на темата "Научени лекции од справување со КОВИД-19 пандемијата" со учество на 20 лица од ООЦК/ЦКГС кои ги зајакнаа своите знаења и вештини за подготвеност и делување во кризни состојби.

## Превенција на здравјето на населението од топлотни бранови

Црвениот крст на РСМ веќе неколку години активно се вклучува со превентивни и теренски активности за заштита на населението од топлотни бранови кои ја зафаќаат нашата земја во летниот период. За време на топлотните бранови, преку ООЦК, беа преземени активности за информирање и заштита на здравјето на населението од влијанието на топлотните бранови. На фреквентни локации низ државата волонтерите делеа флаширана негазирана вода и информативно едукативни материјали со совети за заштита на своето здравје, укажуваа прва помош и спроведоа бесплатно мерење на крвен притисок на граѓаните кои имаа потреба од тоа.

# ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНО ПРЕВЕНТИВНИ НЕДЕЛИ




## Недела на борба против рак

Неделата на борба против ракот Црвениот крст оваа година традиционално ја одбележа во периодот од 01-08 март под мотото "Јас можам и Јас ќе успеам"– во борбата против ракот". По повод одбележување на неделата одржани се едукативни предавања од страна на доктори волонтери од општинските организации на Црвен крст во основните и средните училишта, за членови на клубови на млади, здруженија на пензионери, работни организации и волонтери во општинските организации. Со овие активности се опфатени 2.123 лица.




## Недела на борба против шеќерна болест

Црвениот крст на РСМ во периодот од 10-16 октомври 2022 год. традиционално ја одбележа Неделата на борба против шеќерна болест (дијабетес) под мотото "Здрави животни навики во превенција на дијабетес". Со цел заеднички да придонесеме во континуираните напори за превенција на дијабетесот преку воспоставување на здрави животни навики општинските организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје преземаа активности за подигнување на свеста од ризиците за појава на шеќерната болест преку споделување на објави на социјалните мрежи, мерење на шеќер во крвта и спроведување на 67 едукативни работилници на кои беа опфатени 689 лица на возраст од 60+ години. Во рамки на проектот "Здраво стареење,, поддржан од Меѓународната Федерација во 10 ООЦК беа спроведени 30 информативни работилници за здрави животни навики кои превенираат појавата на дијабет, и со овие работилници се опфатени 524 постари лица.




## Неделата за борба против туберкулоза

Црвениот крст на РСМ во периодот од 14-21 септември 2022 година ја одбележа Неделата на борба против туберкулоза. За оваа цел се реализираа голем број на едукативни предавања со опфатени 2.232 лица од различни целни групи. На овој начин сакаме да ја подигнеме јавната свест за важноста на општото здравје, социјалното и економско влијание на туберкулозата (ТБ) и да го поттикнеме забрзувањето на напорите за ставање крај на глобалната епидемија на ТБ.




## Неделата за борба против ХИВ/ СИДА

Црвениот крст на РСМ, во периодот од 1-7 декември 2022 година ја одбележа Неделата на борба против ХИВ/СИДА под мотото “Знаењето е најдобра превенција од ХИВ инфекција”. За одбележување на неделата ООЦК организираа 101 едукативни врснички работилници за ХИВ/СИДА на 2.743 млади лица во средните училишта, на кои беа делени кондоми, промотивен и информативен материјал. Сите овие активности беа во насока на подигнување на јавната свест за важноста од превенција и рано дијагностицирање на ХИВ/СИДА со посебен акцент на младата популација и намалување на стигмата поврзана со луѓето кои живеат со ХИВ вирусот.

# ПРВА ПОМОШ

Црвениот крст на РСМ во текот на 2022 година работеше на унапредување и развој на првата помош, зајакнување на постојните човечки и материјални капацитети во обезбедување на ефикасни и квалитетни услуги од областа на првата помош, воведување на нови и развој на постојните програмски активности, нивна имплементација и промоција.

## Курсеви по прва помош за кандидати за возачи и правни лица

Црвениот крст на РСМ има долгогодишно искуство и традиција во областа на едукација на населението за важноста на правилно и навремено укажување на прва помош во случај на незгоди вклучително и сообраќајните незгоди со што се помага во намалување на повредите и зголемување на шансите за преживување.

Во текот на 2022 година ЦКГС и Општинските организации на Црвен крст реализираа 2.139 курсеви по прва помош за возачи каде беа обучени 24.740 кандидати и 229 курсеви по прва помош на правни лица каде беа опфатени 973 лица од различни работни организации.

Во април 2022 година реализирана е обука за нови предавачи и демонстратори за курсевите по прва помош за возачи, каде што беа обучени 20 кандидати од 6 ООЦК. Црвениот крст на РСМ со овие обуки има за цел да создаде нови кадри на квалитетни предавачи и демонстратори кои на правилен и соодветен начин ќе го пренесат своето знаење од областа на прва помош на кандидатите за возачи на моторни возила и работни организации.

## Светски ден на прва помош

По повод одбележување на Светскиот ден по прва помош Црвениот крст на РСМ организираше конвенција по прва помош во Битола на 17 септември 2022 година. На настанот учествуваа 32 ООЦК и ЦКГС. На настанот беа промовирани културата и традицијата на 28 општини, како и промоција на првата помош преку симулациски и показни вежби преку кои се едуцираа случајните минувачи како правилно и навремено да укажат прва помош.

## Кампања по прва помош

Од месец мај 2022 година Црвениот крст започна со кампања по прва помош под мотото “Првата помош спасува живот”. Со оваа кампања во периодот септември - декември 2022 година 24.505 учениците од основни и средни училишта на територија на Република Северна Македонија се стекнаа со основни знаења за укажување на прва помош како брза и витална интервенција чија цел е да спаси човечки живот, но и да се намалат компликациите од настанати повреди.



## Јакнење на капацитетите на националното друштво и заедницата

Во период од 28-30.10.2022 година Црвениот крст на РСМ во рамки на проектот" Здравствена грижа во итни состојби" спроведе тренинг на тема „Методологија и техники на предавање по прва помош". На тренингот учествуваа 26 предавачи и демонстратори по прва помош кои ги зајакнаа своите знаења и вештини и се стекнаа со нови знаења за методологија и техники на предавање по прва помош. Црвениот крст на РСМ во рамките на проектот "Поддршка на КОВИД-19 вакцинацијата во РСМ спроведе 7 обуки по прва помош за 174 волонтери ангажирани на КОВИД-19 вакциналните пунктови.

Во рамки на проектот „Здравствена грижа во итни состојби" реализирани се 10 обуки по прва помош во основни училишта со учество на 137 ученици и 40 наставници. Одржани се и 4 обуки по прва помош за работни организации на кои беа опфатени 75 лица. Овие активности беа поддржани од Меѓународната Федерација.



# КРВОДАРИТЕЛСТВО

## Крводарителски акции

Црвениот крст на РСМ и Институтот за трансфузиона медицина во 2022 година реализираа 56.830 единици крв или планските обврски ги исполнија со 109.29 %. Споредено со 2021 година забележани се подобри резултати за 3.697 единици крв.

Во градот Скопје, општинските организации на Црвен крст Гази Баба, Карпош, Кисела Вода, Центар и Чаир во 2022 година реализираа 18.923 единици крв или планските обврски ги исполнија со 127.58%.

Во општинските организации на Црвен крст од внатрешноста на државата, во 2022 година беа реализирани 37.907 единици крв или во споредба со 2021 година постигнати се подобри резултати за 1.995 единици крв.

Во Дневниот центар за дарување на крв во ДХО "Даре Џамбаз" во Скопје во 2022 година беа реализирани 2.792 единици крв од кои 2.381 со самоиницијативно дарување на крв од граѓаните на Скопје.

Планските обврски за крводарителство во 2022 година ги исполнија 19 ООЦК: Берово 100%, Битола 136.39%, Валандово 100.33%, Велес 201.41%, Виница 244.16%, Демир Хисар 101.14%, Делчево 172.41%, Кавадарци 226.59%, Крива Паланка 138.54%, Крушево 101.59%, Неготино 119,39%, Пробиштип 137.87%, Свети Николе 190.07%, Струга 115.90%, Штип 176.47%, Гази Баба 138.24%, Карпош 116.99%, Центар 211.25% и Чаир 116.59%., најдобри резултати во крводарителство во 2022 година постигна ООЦК Виница.

Тимот за координација, во текот на 2022 година одржа 80 координативни состаноци и координираше со 716 крводарителски акции на терен.

## Одржани едукативни форми за доброволно крводарителство

Во периодите од 06 - 08 мај 2022 година и од 30 септември до 02 октомври 2022 година во Струга, се одржаа семинари за крводарителство со учество на 35 учесници претставници на ООЦК. Структурата на учесниците волонтери на семинарите овозможи споделување на искуства и практични примери од разни средини, во разни организации и институции и градење на нови пријателства кои ќе им бидат поддршка во натамошната работа како мотиватори за доброволно крводарителство.

Во периодот од 02-04 декември 2022 година во Струга се одржа семинар за крводарителство со учество на 17 учесници на кој се дискутираа прашања поврзани со новиот концепт за доброволно крводарување во процесот за Трансформација 28, информирање на крводарителите и



потребата од едукации и обуки за тренери на поискусните мотиватори за крводарителство.

## IV Форум за доброволно крводарителство

По повод 14 јуни – Светскиот ден на крводарителството Црвениот крст на РСМ го организираше IV Форум за доброволно крводарителство во периодот од 01-03 јули 2022 година. Форумот беше на тема “Нови форми за мотивација за доброволно крводарителство во процесот на Трансформација 28” и на него учествуваа 16 претставници од Централната канцеларија на Црвениот крст на РСМ. Во подготвителниот период беше спроведена анкета со 750 испитаници на тема “Мислење и задоволство на корисници на услуги”.

## Одбележување на 17 март – Денот на крводарителството во РСМ

На 24 март 2022 година во хотел DoubleTree by Hilton во Скопје се одбележа 17 март – Денот на крводарителството во РСМ на кој се обрати Претседателот на Црвениот крст на РСМ проф. д-р Ромел Велев кој го истакна значењето на принципите на хуманост и солидарност, подигањето на јавната свест, здравствената култура и подготвеноста на граѓаните за дарување на крв.

На настанот се обрати и Министерот за здравство во Владата на РСМ д-р Беким Сали кој се заблагодари на соработката и ми додели признание на Црвениот крст на РСМ за успешно реализираните активности за унапредување на крводарителството во РСМ.

Министерот за здравство д-р Беким Сали додели признанија на ООЦК Битола, Велес, Виница, Демир Хисар, Делчево, Кавадарци, Крива Паланка, Неготино, Пробиштип, Свети Николе, Струга, Штип, Гази Баба, Карпош, Центар и Чаир кои во 2021 година го исполнија планот за крводарителство.




IFRC


At the IFRC, we are calling for more investment in
mental health for everyone.

# МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ

## Центар за ментално здравје и психо-социјална поддршка

Црвениот крст на РСМ на 19.10.2022 година го отвори Центарот за ментално здравје и психо-социјална поддршка во Скопје кој ќе претставува систем за испорака на психолошка прва помош и психо-социјална поддршка за заштита на менталното здравје и зајакнување на отпорноста на волонтерите, вработените на Црвениот крст и населението. Центарот функционира преку четири компоненти: психо-социјална поддршка на вработени и волонтери, работа со население, дејствување при кризи и соработка со институции. Центарот ќе ги координира активностите за менталното здравје и психо-социјалната поддршка и ќе придонесе во развој на психо-социјалната компонента на национално ниво.

Започнати се активности со цел зајакнување на отпорноста на старите лица и тековно се обучуваат тимови за психо-социјален одговор при кризи со поддршка на Австриски Црвен крст. Во тек е обука за психо-социјална поддршка при итни и кризни состојби. Обуката вкупно се состои од 5 циклуси, се обучуваат 50 волонтери и предвидено е да заврши во февруари 2023 година. Учесниците на обуката преку вежбовни активности, играње на улоги во реалистични сценарија и интерактивни предавања се стекнаа со знаења и искуство за пружање на прва психолошка помош на вознемирени лица. Учесниците се групираат во регионални тимови за психо-социјален одговор при кризи и се дел од компонентата за справување и дејствување во кризи на Центарот на ментално здравје и психо-социјална поддршка. Психо-социјалните тимови се состојат од волонтери со стручни познавања од сферата на психологијата, медицината, социјалната работа. Психо-социјалните тимови ќе делуваат при катастрофи и несреќи од поголем размер и во мирновременски услови ќе дејствуваат превентивно.

## Обуки за прва психолошка помош (ППП) и психо-социјална поддршка (ПСП)

Во периодот од јануари до март 2022, шест ООЦК спроведоа шест обуки по ППП и ПСП за 116 негуватели и лични асистенти, шест ООЦК спроведоа шест обуки по ППП и ПСП за управување со стрес во кризна ситуација во средни училишта. Со овие обуки опфатени беа 117 средношколци и 10 наставници. Се спроведоа две обуки по ППП и ПСП за волонтерите ангажирани на КОВИД-19 вакциналните пунктови и волонтерите ангажирани на спроведување на епидемиолошки анкети, и обучени се вкупно 31 волонтери.

## Унапредување на менталното здравје кај младите

Во периодот јануари-март 2022 се изработи прирачник за унапредување на менталното здравје кај младите наменет за врснички едукатори, се спроведоа 4 еднодневни онлајн работилници, и 3 дводневни регионални работилници на кои се едуцирани 52 врснички едукатори за ментално здравје, се спроведе еден тридневен тренинг за тренери за врснички едукатори и едуцирани се 26 тренери за врснички едукатори за ментално здравје.

## Зајакнување на отпорноста на старите лица и лицата со попреченост

Црвениот крст на РСМ располага со 5 телефонски линии, за зајакнување на отпорноста на старите лица и лица со попреченост. Преку 5 ЦКГС и ООЦК Кочани, Велес, Битола и Гостивар се одржуваат и активности за здраво стареење во кои се опфаќаат повеќе од 600 стари лица, месечно.

# ПОДГОТВЕНОСТ И ДЕЈСТВУВАЊЕ ПРИ КАТАСТРОФИ

## Проект X-STOCK

Регионот на Југоисточна Европа бележи зголемување на фреквенцијата, непредвидливоста и интензитетот на катастрофи. Повеќето опасности имаат потенцијал да станат прекугранични настани за кои клучна е регионалната соработка. За подобрување на прекуграничното управување со итни случаи, акцентот беше ставен на проектот X-STOCK, во кој учествуваа НД на Бугарија, Хрватска, Црна Гора, Северна Македонија и Србија, со цел зајакнување на преку граничната подготвеност преку заедничко управување со стоковите резерви за итни / вонредни состојби. Во 2022 година подготвените се:

- Аналитичка студија за состојбите во Република Северна Македонија при прием и испраќање на човечка и материјална помош во случај на катастрофи
- Регионалната софтверска апликација

**Аналитичка студија** за состојбите во Република Северна Македонија при прием и испраќање на човечка и материјална помош во случај на катастрофи има за цел да направи преглед на правната рамка, процедурите и другите особености кои се однесуваат на подготвеноста и спроведувањето на активностите за прекугранично движење на персонал, опрема и материјали во случај на катастрофа. Преку идентификување на клучните чинители на национално ниво, извештајот има за цел да ги наведе основните надлежности и оперативни процедури за меѓу-институционална и меѓународна соработка. Врз основа на прегледот на правната рамка, улогите и искуствата во однос на преку-граничното движење на персонал, опрема и материјали при катастрофи, извештајот треба да даде одговори и препораки за тоа како да се надминат бариерите и недостатоците во таквата тематска соработка која се однесува на прекугранично движење на персонал, опрема и материјали при катастрофи.

**Регионалната софтверска апликација** за регионално управување со стокови резерви во случај на катастрофа има цел да се олесни соработката и комуникацијата помеѓу националните друштва при итни ситуации.

## Проект ПЕР

Во рамки на проектот акцентот беше ставен на две клучни активности: подготовка на Стратегиски план за подготвеност и одговор при катастрофи на Црвен крст на РСМ за периодот 2022-2027 година и ревидирањето на стандардните оперативни процедури. Подготвениот Стратегиски план обезбедува насоки за развојот на националното друштво во активностите опфатени со подготвеноста и одговорот при катастрофи, како едни од суштинските активности кои ги спроведува националното друштво во рамките на мандатот и како активности кои на националното друштво му даваат препознатливост во рамките на општеството, но и надвор од границите на државата. Ревидирањето на стандардните оперативни процедури преставуваше дефинирање на контекстот на структурните промени кои се случуваат во националното друштво и нормите кои произлегуваат од законските решенија и пропишаните надлежности со цел да се обезбеди синхронизирано дејствување на Црвениот крст на РСМ со останатите надлежни домашни и меѓународни субјекти при итни состојби.

## Претставување на процес Трансформација 28

Имајќи ја во предвид помошната улога на Црвениот крст на РСМ пред властите во државата и досегашните позитивни практики и соработки со државните институции во Центарот за подготвеност и одговор при катастрофи на ЦКРСМ се одржа информативна сесија за презентирање на процесот „Трансформација 28“ пред институционални партнери во државата кои се дел од системот за подготвеност и дејствување при катастрофи. Цел на работниот состанок беше претставување на подготовките на

процесот „Трансформација 28“ во делот на подготвеност и одговор при катастрофи и дефинирање на областите во процесот кои треба да одговараат на локалните потреби и можности, како и усогласување на стратешките цели и подобрување на соработката со Центарот за управување со кризи и Дирекција за заштита и спасување.

## Солидарна помош за Украина

Црвениот крст на РСМ како солидарна помош за Украина издвои 10.000 евра кои беа префрлени на Украински Црвен крст а заинтересирани правни субјекти и граѓани можеа да се вклучат во Апелот со обезбедување на парична помош преку уплата на средства во Фондот за солидарност на Црвениот крст. Црвениот крст на РСМ и Министерството за надворешни работи, на 14.05.2022 година организираа заеднички хуманитарен настан за собирање помош за Украина, на кој се потпиша Меморандум за соработка за поефикасна координација. На настанот присуствуваа Амбасадорот на Украина, претставници на стопанските комори и претставници од корпоративниот сектор. На настанот Министерот за надворешни работи Бујар Османи се заблагодари на Црвениот крст и на стопанските комори за обезбедената поддршка.

## Активности за намалување на ризици од катастрофи

Црвениот крст на РСМ како дел од „Националната платформа на Република Македонија за намалување на ризици од катастрофи“ има водечка улога во имплементација на активности за намалување на ризици од катастрофи и несреќи во образовните институции во Република Северна Македонија.

За да се подигне јавната свест во образовниот систем во државата, Црвениот крст на РСМ, во соработка со единците на локална самоуправа, Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување, реализираше симулациски вежби во 15 училишта со цел да се обезбеди едукација и практично увежбување на учениците за заштита и самозаштита во случај на катастрофи.

## Безбедност на вода

Стручните центри за безбедност на вода (Охрид и Црвен крст на град Скопје) организираа три курсеви за спасители на води за 30 спасители со цел зголемување на капацитетите и безбедноста на капачите, курс за обновување на лиценци за спасители на вода за потребите на Армијата на РСМ. ООЦК Велес традиционално го организира пливачкиот маратон на езерото Младост-Велес, со поддршка на тимот од ЦКРСМ. Во 2022 година на планот за безбедност на вода се посети Албански Црвен крст со цел организирање на курсеви за спасување на вода за потребите на Албански Црвен крст.

## Безбедност на планина

Црвениот крст на РСМ продолжи со логистичка поддршка на тимовите и станиците за спасување на планина во Охрид (ООЦК Охрид) и Скопје (Црвен крст на град Скопје) континуирано во 2022 година за време на викенди, празници, и разни настани, беа ставени на располагање.



# ПОДДРШКА ЗА МИГРАНТИ

Во текот на 2022 година Црвениот крст на РСМ континуирано обезбедуваше поддршка за мигрантите кои поминуваа или престојуваа во РС Македонија. Клучни приоритетни активности на овој план беа обезбедување на медицинска и хуманитарна асистенција за мигрантите и бегалците кои се во прифатните центри во Табановце и Винојуг како и намалување на ранливоста на бебињата, децата, мајките, старите лица и лицата со специфични потреби. Исто така беше обезбедувана медицинска и хуманитарна асистенција на ирегуларните мигранти и бегалци, зајакнување на координација на теренски активности со сите вклучени владини институции, рана интеграција и инклузија на барателите на азил и лицата под супсидијарна заштита, воспоставување семејни врски, транспорт на евакуирани лица во трета земја, хуманитарна асистенција на граѓани евакуирани од Авганистан и хуманитарна асистенција на граѓани од Украина.

**Вкупно обезбедена поддршка за мигранти и бегалци во РСМ во 2022 година**

- Вкупен број на институционално згрижени мигранти - 3.457
- Вкупен број на асистирани ирегуларни мигранти – 18.199
- Вкупен број на асистенции и интервенции – 11.838
- Дистрибуирани пакети со храна – 4.564
- Дистрибуирани топли оброци и готова храна – 15.176
- Вкупен број на воспоставени семејни врски – 30
- Хуманитарна асистенција на евакуирани лица од Авганистан – 986
- Транспорт на евакуирани лица во трета земја – 721
- Хуманитарна асистенција на граѓани од Украина – 454

Црвениот крст обезбедуваше 24 часовна поддршка во центрите во Винојуг и Табановце, Куманово, со екипи за прва помош и екипи за логистичка поддршка и во пограничните региони со Р. Србија и Р. Грција.

Тимот кој е ангажиран на терен брои 30 лица распоредени во медицински тим, логистички тим, тим за дистрибуција како и тим за служба барање. Обезбедувана е и медицинска асистенција три пати во неделата за лицата сместени во Прифатниот центар за странци Гази Баба – Скопје. Обезбедувана е и хуманитарна асистенција и регистрација на граѓани од Украина, изразена преку дистрибуција на прехранбени и непрехрамбени продукти, облека, обувки и лекови.

## Хуманитарна асистенција на евакуирани лица од Авганистан

Почнувајќи од август 2021 година, Црвен крст на РСМ преку програмата за помош и поддршка на мигранти активно е вклучен во проектот за хуманитарна асистенција на евакуирани лица од Авганистан, и тоа во хотел Белви, хотел Континентал, хотел Њу Стар како и во хотел Десарет во Охрид.

Црвениот крст обезбедува 24 - часовна медицинска поддршка и транспорти во здравствени установи, работа во детски катчиња во сите објекти, психосоцијална поддршка со лиценцирани психолози и социјални работници, работа со патронажни

| Место | Сместени луѓе | Медицински интервенции и асистенции | Транспорт по трета земја |
|---|---|---|---|
| Хотел Њу Стар (Скопје) | 393 | 320 | 164 |
| Хотел „Континентал“ (Скопје) (до 15ти Октомври) | 147 | 327 | 95 |
| Хотел „Десарет“ (Охрид) март-јуни | 68 | 99 | 60 |
| Хотел „Белви“ (Скопје) јануари-март | 151 | 120 | 138 |

сестри во катчиња за мајки и бебиња, организација на часови по неформално образование, како и логистичка поддршка за лица влезени во процесот на релокација во трети држави.

## Хуманитарна поддршка за граѓани од Украина

Во Република Северна Македонија се пристигнати 24.372 граѓани од Украина од кои 18.212 лица ја искористиле нашата држава за транзит до трета земја. Од останатите 6.160 лица, 454 граѓани се пријавени и регистрирани во Црвен крст за хуманитарна помош.

Поддршката за граѓаните од Украина се состоеше од пакети со храна и хигиена, ваучери за облека и обувки, медицинска заштита, лекови и психосоцијална помош, часови по македонски јазик (35 лица), поддршка на 45 деца за следење на онлајн настава во Украина, и отворен е простор за рекреација на деца од Украина.








ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • KRYQI I KUQ I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT •
ЦРВЕН КРСТ НА ГРАД СКОПЈЕ
KRYQI I KUQ I QYTETIT TË SHKUPIT

# МЛАДИ НА ЦРВЕН КРСТ НА РСМ

Изминатата година младинската структура на Црвениот крст на РСМ помина низ процес на редовни избори на сите нивоа со што истата сега е освежена со нови млади полни со амбиција, ентузијазам и пасија за остварување на мисијата на организацијата. Зад нас останува уште една година која беше исполнета со најразлични активности водени од принципот од млади за млади преку кои успеавме да дадеме одговор на потребите на најранливите категории во нашата заедница.

| Број на активни млади волонтери | Број на млади членови |
|---|---|
| 2.400 | 3.800 |

## Врснички едукации

Црвениот крст на РСМ, согласно методологија на врсничка едукација, преку своите специфични програми успешно ја подигнува свеста кај младата популација за голем број на теми и проблематики кои се во нивен интерес. Темите кои беа во фокусот на млади за 2022 година беа ХИВ/СИДА и сексуално преносливи болести, болести на зависности, борба против трговија со луѓе, ментално здравје и слично.

| Тема | Работилници | Опфатени лица |
|---|---|---|
| Превенција од ХИВ/СИДА и СПИ | 101 | 2.743 |
| Превенција од болести на зависности | 153 | 4.491 |
| Борба против трговија со луѓе | 64 | 2.136 |
| Промоција на хигиена | 37 | 961 |
| Ментално здравје | 66 | 952 |
| Прва помош | 430 | 14.186 |
| **ВКУПНО** | **851** | **25.469** |

## Летен камп 100% Црвен крст

Во период од 19 до 25 јули 2022 година во Струга се реализираше уште едно издание на летниот младински камп „100% Црвен крст“ во организација на младите на Црвениот крст на РСМ на кој учествуваа претставници од 32 Клубови на млади од државата. Преку сет од обуки младите се стекнаа со знаења и вештини за организирање на младите во своите клубови, одржување на состаноци, креирање на активности, ефективно пренесување на информации, подобро запознавање со структурата и активностите на националното друштво, поднесување на иницијативи на локално и национално ниво, креирање на годишни планови и извештаи, запознавање со релевантни документи кои ја уредуваат работата на младите во рамките на Движењето, националното друштво и државата.

## Недела на млади

Во период од 1-7 октомври традиционално се одбележа Неделата на млади под мотото „Биди причина за нечија насмевка“. Оваа недела ја посветуваме на работата, успесите и достигнувањата што нашите млади ги имаат постигнато во рамки на Црвениот крст на РСМ. Триесет и три локации во државата ги направивме Црвени зони за млади каде што се промовираа клучните аспекти на младинското работење но и забавата, дружбата и незаборавните моменти кои се пропратни во работењето. Секоја зона имаше посебни катчиња со нашите програми вклучувајќи ги катчето за ментално здравје, катчето за креативна инклузија, катче за промоција на хумани вредности, катче за прва помош и секако други забавно-креативни катчиња.

# ЦРВЕН КРСТ ВО АКЦИЈА – ПРОМОЦИЈА НА ХУМАНИ ВРЕДНОСТИ

ПХВ програма претставува модел за регрутирање и задржување на младите во организацијата. Младите добиваат обука која е интерактивна, поттикнувачка и мотивирачка. Потоа работат како тим и лоцираат проблеми кои ги мачат младите или пак целата заедница и на еден организиран начин бараат решение за истите. Во 2022 година програмата беше насочена на директна обука и зајакнување на капацитетите на локалните дисеминатори кои ги спроведуваа обуките во своите средини. Во текот на ПХВ годишниот циклус, се одржа состанок со секретарите за да се претстават промените, целите за постигнување добри резултати на локално ниво.

## ПХВ ментори

Во 2022 година, 9 ПХВ инструктори беа пријавени за ПХВ ментори, и истите дадоа поддршка на дисеминаторите и ги водеа низ целиот процес. Секој ментор во просек менторираше по 4 до 5 дисеминатори, односно ООЦК на која се обезбедува поддршка. Менторите ги подготвија дисеминаторите да држат по две обуки за изработка на мали проекти и за начинот на документирање на проекти. Изработен е наменски ПХВ прирачник за ПХВ дисеминатори во кој е разработена и структурата на самата едукација. Истиот е преведен и на албански јазик, но и англиски јазик.

## Обука за ПХВ дисеминатори

На 10 и 11 март е реализирана обука за 40 ПХВ дисеминатори во ПХВ циклусот за 2022 година. Заради мерките за претпазливост од Ковид-19, бројката на обучени младинци во секоја ООЦК беше намалена, односно обучени беа по 20 младинци или вкупно 800 младинци на територија на целата држава. Во секоја ООЦК се реализираа обуки за дисеминација, изработка на мали проекти и за документирање на мали проекти. Реализирани се 120 мали обуки. Беа вклучени 32 ООЦК, од кои 24 имаа по еден дисеминатор кој ја изведе обуката на македонски јазик и 8 ООЦК кои имаа по двајца дисеминатори, односно обуката беше реализирана и на македонски и на албански јазик. Обуките во сите ООЦК беа спроведени во период од 14 до 31 март 2022 година. Младите со поддршка на своите дисеминатори во тој период правеа истражувања за целните групи, за нивните потреби, планираа активности кои им носеа финансиски средства потребни за реализација на малите проекти.

Правеа театарски претстави, фудбалски турнири, забави, трки со велосипеди, караоке забави и многу други активности преку кои мобилизираа средства за помош на целните групи.



## ПХВ подготвителна работилница

Од 23 до 25 септември одржа ПХВ подготвителната работилница на која присуствуваа 22 инструктори, искусни и долгогодишни волонтери. Целта на работилницата беше прегледување и евалуирање на 120 мали ПХВ проекти изработени од страна на 800 младинци од ООЦК, евалуација на сработеното во изминатите две години, градење на стратегија за ПХВ програмата за 2023 година како и мотивирање и уважување на ПХВ тимот за понатамошна работа и поддршка. Младите собраа вкупно 25.416 евра кои беа дадени во заедницата; вложени се 27.384 волонтерски часови за добробит на заедницата и помогнати се 5.180 лица.



## ПХВ недела

ПХВ неделата се одбележа во периодот од 21-27 септември, и имаше за цел да се анимираат младите, да се промовира мирот, толеранцијата и соживотот во земјата. Оваа година неделата беше одбележана со Ликовен конкурс на тема "Промоција на хумани вредности" за деца во основните училишта, поделени во две категории - за ученици од 6 и 7 одделение и 8 и 9 одделение. Пристигнаа вкупно 566 цртежи од млади низ државата. Најдобрите, добија и соодветни награди.

## ПХВ пехар

На 17 октомври во Охрид, на Црвен крст Охрид му беше врачена награда за освоено прво место и ПХВ Пехар за постигнати најдобри резултати во овогодишната ПХВ програма. Второто место му припадна на Црвен крст Струмица, а трето место на Црвен крст Центар. Од оваа година се доделуваат и парични награди за најдобрите и истите се наменети за градење на капацитети на младите кои дејствуваат преку Клубовите на млади. На крајот на циклусот, беа доделени 800 благодарници на младите кои изработувале мали проекти и нивните дисеминатори. Благодарниците се доделуваа во ООЦК на свечен начин со што се уважува нивната работа, а и се мотивираат да продолжат со својот волонтерски ангажман.



# ДИСЕМИНАЦИЈА И МЕЃУНАРОДНО ХУМАНИТАРНО ПРАВО

## Дисеминациски сесии

Нашето работење во рамки на програмата за дисеминација беше исполнето со широк спектар на активности преку кои ја оправдавме нашата заложба да бидеме организација која е активен чинител во промоција на хумани вредности во заедницата и да ја прошириме нашата мисија и визија до различни целни групи.

| Број на дисеминациски сесии | Број на опфатени лица |
|---|---|
| **313** | **5.673** |

## Обука за дисеминатори

Со поддршка од Меѓународен Комитет на Црвен крст во период од 15-17.4.2022 година во тренинг центар Солферино, Струга се реализираше обука за дисеминатори за општа дисеминација за Движењето на Црвениот крст и Црвената полумесечина. На обуката учество зедоа 16 учесници од ООЦК: Велес, Куманово, Прилеп, Струга, Штип, Струмица, Битола и Гостивар. Обуката за дисеминатори беше конципирана на начин што преку различни интерактивни пристапи, техники и методи учесниците се здобија со соодветни информации и вештини за пренесување на стекнати знаења до целни групи преку креирање на креативни сценарија (кратки театарски претстави), практични вежби (студии на случај), презентации, ситуациски пристапи и слично.

## Академија за дисеминатори за меѓународно хуманитарно право (МХП)

Со поддршка од Меѓународниот комитет на Црвениот крст а во насока на унапредување на програмата за промоција и афирмација на МХП во период од 19 до 21 декември се одржа Академија за дисеминатори за МХП. Академијата претставуваше базична тридневна обука наменета за студенти од завршна година на додипломски студии или студенти на постдипломски студии од областа на безбедноста, правото и воените науки. Агендата за тренингот ги опфати следните тематски области: улогата на Црвениот крст во системот на МХП, вовед во МХП, примена на МХП, вооружени судири, меѓународни правила на војување, заштита на ранети, болни, медицински персонал, санитетски установи и верски персонал, заштита на воени заробеници, заштита на цивилно население и одговорност за повреда на МХП.



# ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ

Информирањето и односите со јавноста беа интегрален дел од севкупните напори на организацијата насочени кон унапредување на транспарентноста и отчетноста и подобрување на имиџот на националното друштво.  Својот кредибилитет Црвениот крст на РСМ го градеше преку остварување на позитивна комуникација со секој свој партнер/корисник на услуги.

## Социјалните мрежи на Црвен крст на РСМ

Редизајнирањето и надградувањето на интернет страницата на Црвен крст на РСМ овозможи простор за објавување на поголем број разновидни информации, чија структура таргетира различни категории на посетители. Ваквото збогатување на веб страницата со интерактивни содржини придонесе за поголема посетеност од граѓаните на РСМ и пошироко. Информациите на интернет страницата и социјалните мрежи на ЦКРСМ се тријазични.

## Е – весник Инфо

Неделните изданија на електронскиот весник на Црвениот крст, веќе традиционално претставуваат пример на успешна алатка за информирање на нашите волонтери, партнери, соработници и поддржувачи за активностите кои ги реализираме на локално, национално и меѓународно ниво. Во 2022 година беа подготвени 125 броеви на е-весникот Инфо со вкупно објавени 1.500 текстови. Весникот се дистрибуираше до 88.711 мејл адреси и истиот редовно се ажурираше и објавуваше на интернет страната на Црвен крст на РСМ со што јавноста во државата и пошироко имаше можност поблиску да се запознае со активностите на организацијата.

## Публикации

Традиционалните недели дефинирани во законот за Црвениот крст, како и голем број на проектни активности и стратешки документи во рамките на издавачката дејност на Националното друштво и оваа година редовно беа надополнувани со креативни и атрактивни едукативни материјали во вид на брошури, флаери, постери, прирачници, доплатни марки и друг вид на изданија. Носејќи ги во себе хуманитарните пораки или насоките за дејствување, се постигнаа значителни резултати кај целните групи, а воедно и позитивно се влијаеше на подигањето на имиџот на националното друштво. Со цел сите публикации да бидат поблиски до лицата за кои се наменети, и оваа година Црвен крст на РСМ сите свои изданија ги издаваше на македонски и на албански јазик, а дел од нив беа преведени и на англиски и јазик.

## Соработка со медиумите

Преку 30 соопштенија за печат, конференции и јавни настапи на електронските медиуми, средствата за јавно информирање беа постојано присутни при реализација на активностите на Црвен крст на РСМ. Медиумската покриеност беше поттикнување на непристрасност и објективно презентирање на активностите и проектите и градење на т.н. „коалиција“ со новинарите со цел поттикнување на јавното мислење во насока на постигнување на поголема транспарентност во делувањето на Црвениот крст.



# МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

Во 2022 година се подготвија нови формати за следење на работата на ООЦК и ЦКГС и се ревидираа некои од веќе постоечките алатки за мониторинг и евалуација. Ревидирани се алатките за евалуација на работата на секретарите на ООЦК, секретарот на ЦКГС и Генералниот секретар на Црвениот крст на РСМ. Се креираа и усвоија нови алатки за евалуација на работата на претседателите на ООЦК и ЦКГС како и Раководните одбори на сите нивоа на организациска поставеност во националното друштво.

Воведен е нов формат на следење на плановите за одговор на препораките произлезени од Проценката на работата на ООЦК и ЦКГС за 2020 година, кои ООЦК/ЦКГС беа задолжени да ги подготват а кои се имплементираа во 2022 година. Редовно се следеше известувањето на ООЦК, се прибираа и анализираа податоци, се даваше поддршка од Централната канцеларија, сѐ со цел да ја подобрат културата на работење, да го издигнат професионализмот на повисоко ниво, да креираат една средина на зголемена транспарентност и одговорност, средина за учење и на стекнување добри навики каде континуирано ќе ги развиваат и промовираат своите капацитети во насока на подобрување на перформансите и резултатите од тековното работење.

Се работеше на креирање форми за следење и на други аспекти на работењето на ООЦК - како на пример: алатка за внатрешен мониторинг односно следење на програмските активности во Централната канцеларија на Црвен крст на РСМ, алатка за следење на обврските на ООЦК/ЦКГС што произлегуваат од акти, следење на соработката на ООЦК/ЦКГС со локалната самоуправа, меѓу-општинска и меѓународна соработка, итн. - што би биле предмет на следење во иднина.

Започнат е процесот на интегрирање на БОКА алатката на Меѓународната Федерација за годишна проценка на организациски капацитети чија методологија ќе се прилагоди на контекстот во нашето национално друштво. Се правеше континуирана проценка на квалитетот на постојниот систем за мониторинг и се разгледуваа начини за негово подобрување но истовремено се земаа предвид мислењата и на ООЦК па така се спроведоа неколку истражувања како прашалници за мерење на задоволство на секретарите и анкетни прашалници за мислење и задоволство на испорачателите како и на корисниците на услугите.



# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2022 ГОДИНА

Црвениот крст на Република Северна Македонија своето работење го прикажува преку финансискиот извештај кој ги содржи планираните и реализираните приходи и расходи. Финансискиот извештај претставува потврда за успешно имплементирани програмски и проектни активности поддржани од домашни и странски партнери на организацијата.

Работењето на организацијата прикажано преку финансики податоци покажува успешно завршена година со остварување на Буџетот од 172,50% како резултат на обезбедени средства од услугите за лична аситенција на лица со попреченост и нега на стари лица и зголемената поддршка на проектното работење од странски донатори. Во 2021 година остварувањето на Буџетот изнесуваше 204,94%.

Сопствени проходи се реализирани со 123,28% и учествуваат со 20,77% од вкупно остварените приходи. Приходите од органи и донатори, претставуваат наменски приходи, кои во најголем дел директно се префрлаат во општинските организации, каде се користат за имплементација на проектни активности. Овие приходи се реализирани со 192,67 % и бележат незначително намалување во номинален износ во однос на 2021 година кога приходите од донатори беа реализирани со 278,18%. Приходите од органи и донатори во 2022 година во споредба со 2021 година бележат намалување во номинален износ поради намалена поддршката за справување со КОВИД последиците. Во однос на вкупно реализираните приходи во 2022 година приходите од органи и донатори зафаќаат 79,23%.

Во делот на расходите може да се утврди дека трошењето е контролирано и наменско, што е основна цел на секоја организација. Од вкупно реализираните расходи, функционалните односно програмските трошоци исто така бележат незначително намалување во номинален износ во однос на претходната година и изнесуваат 82,15%, расходот за плата на вработените изнесува 8,25%, а материјалните трошоци изнасуваат 9,60%. Од вкупно реализираните расходи 12,80% се однесуваат за потребите на централата, 57,13% се директно префрлени во општинските организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје и во номинална вредност бележат пораст како резултат на импелентација на Измената на Законот за ЦК, зголемениот износ на програмата за крводарителство и имплементацијата на проектните активности, додека останатите 30,06% се средства кои се потрошени во централната канцеларија а се однесуваат за реализација на програмски активности на општинските организации на ЦК и ЦК на град Скопје.

Дел од вишокот на финансиските средства односно позитивната разлика помеѓу приходите и расходите се наменски средства кои се однесуваат на проекти чија реализација продолжува во 2022 година.

Од страна на Раководниот одбор на Црвениот крст на РСМ беше формирана комисија, која изврши внатрешна контрола на финансиското и материјално работење. Исто така беше ангажирана надворешна независна ревизирска куќа, која изврши ревизија согласно Законот за ревизија и Меѓународните стандарди за финансиско известување и сметководствените прописи кои важат во Република Северна Македонија. Според мислењето на ревизорската куќа, финансиската состојба на организацијата Црвениот крст на РСМ е прикажана реално и објективно.

Финансискиот извештај се однесува само на работењето на централната канцеларија на Црвениот крст на Република Северна Македонија.

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2022 ГОДИНА

| | Буџет 2022 | Реализирано 2022 | % | % во 2021 | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **154,527,842.00** | **266,564,870.00** | **172.50** | **204.94** | |
| Сопствени извори на приходи | 44,913,800.00 | 55,370,974.08 | 123.28 | 86.64 | 20.77 |
| Приходи од органи / донатори | 109,614,042.00 | 211,193,895.92 | 192.67 | 278.18 | 79.23 |
| | | | | | |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | **154,527,842.00** | **194,863,142.00** | **126.10** | **153.73** | |
| Плати и надоместоци на вработени | 18,174,960.00 | 16,081,543.00 | 88.48 | 80.51 | 8.25 |
| Расходи за материјали и услуги | 19,140,564.00 | 18,703,205.00 | 97.72 | 104.52 | 9.60 |
| Функционални (програмски) расходи | 117,212,318.00 | 160,078,394.00 | 136.57 | 173.41 | 82.15 |
| | | | | | 100 |
| **РАЗЛИКА** | **0.00** | **71,701,728.00** | | | |

# ПРИХОДИ

| | ОПИС | Сопствени извори на приходи | Приходи од органи /донатори | Буџет 2022 | Реализирано од сопствени извори | Реализирано од органи и донатори | Реализирано 2022 | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **74** | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | | | | | | | |
| 741 | Министерство за труд и социјална политика - програмски активности | 9,075,000.00 | | 9,075,000.00 | 7,575,000.00 | | 7,575,000.00 | 83.47 |
| 741 | Влада на Република Северна Македонија (за стокови резерви) | | 15,000,000.00 | 15,000,000.00 | | 16,570,153.00 | 16,570,153.00 | 110.47 |
| 741 | Крводарителство ( Министерство за Здравство) | | 11,000,000.00 | 11,000,000.00 | | 10,695,000.00 | 10,695,000.00 | 97.23 |
| 742 | Социјално - хуманитарни програми | 5,200,000.00 | 18,437,949.00 | 23,637,949.00 | 5,849,530.00 | 34,600,388.00 | 40,449,918.00 | 171.12 |
| 742 | Организација и развој | 200,000.00 | 100,000.00 | 300,000.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 100.00 |
| 742 | Прва помош | 8,500,000.00 | 505,000.00 | 9,005,000.00 | | 9,480,460.00 | 9,480,460.00 | 105.28 |
| 742 | Превентивно здравствени програми | | 11,309,308.00 | 11,309,308.00 | | 11,446,141.00 | 11,446,141.00 | 101.21 |
| 742 | Развој и работа со млади | | 132,000.00 | 132,000.00 | | | 0.00 | 100.00 |
| 742 | Подготвеност и одговор при катастрофи | 50,000.00 | 2,154,585.00 | 2,204,585.00 | | 13,139,591.00 | 13,139,591.00 | 596.01 |
| 742 | Дисеминација и МХП | | 156,000.00 | 156,000.00 | | | 0.00 | 0.00 |
| 742 | ЦК во акција - ПХВ | | 594,000.00 | 594,000.00 | | 47,500.00 | 47,500.00 | 8.00 |
| 742 | Односи со јавност | | | 0.00 | | | 0.00 | 0.00 |
| 742 | Воспоставување на семејни врски | | 775,200.00 | 775,200.00 | | 852,383.00 | 852,383.00 | 0.00 |
| 742 | Меѓународна соработка | | | | | | | |
| 742 | Проектно работење и мобилизирање на фондови | 1,100,000.00 | | 1,100,000.00 | | | 0.00 | 0.00 |
| 742 | Човечки ресурси, мониторинг и евалуација | | | 0.00 | | | 0.00 | 0.00 |
| 742 | Креирање политики и менаџирање со волонтери и членови | | 250,000.00 | 250,000.00 | | | | 0.00 |
| **72** | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | | | | | | | |
| 725 | Од ООЦК ( по основ на котизација ) | 1,770,000.00 | | 1,770,000.00 | | 1,410,308.00 | 1,410,308.00 | 79.68 |
| 725 | Донација од физички лица | 200,000.00 | | 200,000.00 | | 13,500.00 | 13,500.00 | 6.75 |
| 725 | Донација од правни лица / Продажба на возила | 600,000.00 | | 600,000.00 | | 255,800.00 | 255,800.00 | 42.63 |
| 725 | Доплата марки ( од Законот на ЦК ) | 50,000.00 | | 50,000.00 | | 39,197.00 | 39,197.00 | 78.39 |
| 723 | Од закупнина на деловен простор/други приходи/ приходи од продажба на капитални средства | 1,918,800.00 | | 1,918,800.00 | 3,060,219.00 | | 3,060,219.00 | 159.49 |
| 725 | Од регистрација на возила (Средства од Закон за ЦК) | 10,800,000.00 | 49,200,000.00 | 60,000,000.00 | 13,171,744.08 | 60,004,611.92 | 73,176,356.00 | 100.00 |
| 725 | Други приходи/приходи од камата/членски карти/ рефундирање на трошоци за канцеларија/ вратен депозит од банка/котизација за летен камп/ проекти/рефундирање на трошоци/приходи од ООЦК за набавка на дефибрилатори, компјутери, униформи | | | 0.00 | 8,902,572.00 | 680,148.00 | 9,582,720.00 | 100.00 |
| 725 | Фонд на солидарност | | | 0.00 | | 5,133,830.00 | 5,133,830.00 | 100.00 |
| 725 | Од курсеви за спасители на вода | 50,000.00 | | | | 5,000.00 | 5,000.00 | |
| 725 | Пренесени приходи од претходна година | 5,400,000.00 | | 5,400,000.00 | 16,811,909.00 | 46,819,885.00 | 63,631,794.00 | 100.00 |
| | ***ВКУПНО ПРИХОДИ*** | ***44,913,800.00*** | ***109,614,042.00*** | ***154,527,842.00*** | ***55,370,974.08*** | ***211,193,895.92*** | ***266,564,870.00*** | ***172.50*** |

# РАСХОДИ

| | ОПИС | Сопствени извори на приходи | Приходи од органи /донатори | Буџет 2022 | Реализирано од сопствени извори | Реализирано од органи и донатори | Реализирано 2022 | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 401 | ОСНОВНИ ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ | 12,714,924.00 | 5,430,036.00 | 18,144,960.00 | 7,483,447.00 | 7,486,633.00 | 14,970,080.00 | 82.50 |
| 402 | ПРИДОНЕСИ ОД ПЛАТИ И ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК | 30,000.00 | | 30,000.00 | 105,466.00 | 1,005,997.00 | 1,111,463.00 | 3,704.88 |
| | ***ВКУПНО РАСХОДИ ЗА ПЛАТИ*** | ***12,744,924.00*** | ***5,430,036.00*** | ***18,174,960.00*** | ***7,588,913.00*** | ***8,492,630.00*** | ***16,081,543.00*** | ***88.48*** |
| 420 | ПАТНИ И ДНЕВНИ РАСХОДИ | 370,000.00 | 0.00 | 370,000.00 | 278,195.00 | 1,275,626.00 | 1,553,821.00 | 419.95 |
| 421 | КОМУНАЛНИ УСЛУГИ | 538,000.00 | 849,000.00 | 1,387,000.00 | 1,532,468.00 | 318,100.00 | 1,850,568.00 | 133.42 |
| 422 | ЗАТОПЛУВАЊЕ | 480,000.00 | 0.00 | 480,000.00 | 437,366.00 | 0.00 | 437,366.00 | 91.12 |
| 423 | КОМУНИКАЦИЈА И ТРАНСПОРТ | 1,889,000.00 | 783,000.00 | 2,672,000.00 | 1,481,383.00 | 1,405,186.00 | 2,886,569.00 | 108.03 |
| 423 | МАТЕРИЈАЛИ | 3,836,000.00 | 3,982,499.00 | 7,818,499.00 | 4,340,963.00 | 5,020,460.00 | 9,361,423.00 | 119.73 |
| 424 | ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ | 1,110,000.00 | 312,000.00 | 1,422,000.00 | 917,015.00 | 157,660.00 | 1,074,675.00 | 75.57 |
| 425 | ДОГОВОРНИ УСЛУГИ | 11,958,764.00 | 20,641,510.00 | 32,600,274.00 | 4,458,343.00 | 17,671,835.00 | 22,130,178.00 | 67.88 |
| 426 | ДРУГИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ | 130,000.00 | 50,000.00 | 180,000.00 | 25,650.00 | 0.00 | 25,650.00 | 14.25 |
| 463 | ТРАНСФЕРИ ДО НЕПРОФИТНИ ОРГАНИЗАЦИИ | 5,157,000.00 | 65,045,609.00 | 70,202,609.00 | 2,787,345.00 | 111,331,278.00 | 114,118,623.00 | 162.56 |
| | ***ВКУПНО ТЕКОВНИ РАСХОДИ*** | ***38,213,688.00*** | ***97,093,654.00*** | ***135,307,342.00*** | ***23,847,641.00*** | ***145,672,775.00*** | ***169,520,416.00*** | ***125.29*** |
| | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | | | | | | |
| 483 | КУПУВАЊЕ НА МЕБЕЛ И КАНЦЕЛАРИСКА ОПРЕМА | 400,000.00 | 233,700.00 | 633,700.00 | 634,040.00 | 2,421,146.00 | 3,055,186.00 | 482.12 |
| 483 | КУПУВАЊЕ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 1,078,999.00 | 0.00 | 1,078,999.00 | |
| 481 | ОСНОВНО И СПЕЦИЈАЛНО ОДРЖУВАЊЕ | 2,400,000.00 | 0.00 | 2,400,000.00 | 1,680,503.00 | 742,783.00 | 2,423,286.00 | 100.97 |
| | ***ВКУПНО КАПИТАЛНИ РАСХОДИ*** | ***2,800,000.00*** | ***233,700.00*** | ***3,033,700.00*** | ***3,393,542.00*** | ***3,163,929.00*** | ***6,557,471.00*** | ***216.15*** |
| | ПОМОШ, ДОНАЦИИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ | 1,186,800.00 | 15,000,000.00 | 16,186,800.00 | 782,138.00 | 18,003,117.00 | 18,785,255.00 | 116.05 |
| | ***ВКУПНО ПОМОШ, ДОНАЦИИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ*** | ***1,186,800.00*** | ***15,000,000.00*** | ***16,186,800.00*** | ***782,138.00*** | ***18,003,117.00*** | ***18,785,255.00*** | ***116.05*** |
| | ***ВКУПНО РАСХОДИ*** | ***42,200,488.00*** | ***112,327,354.00*** | ***154,527,842.00*** | ***28,023,321.00*** | ***166,839,821.00*** | ***194,863,142.00*** | ***126.10*** |

*Служба за финансии и ревизија*
Жаклина Поповиќ

*Генерален Секретар*
д-р Саит Саити

| | | % |
|---|---|---|
| Трансфери во ООЦК | 111,331,278.00 | 57.13 |
| Трошоци за централата | 24,950,129.00 | 12.80 |
| Трошоци од централата за ООЦК | 58,581,735.00 | 30.06 |
| | 194,863,142.00 | 100.00 |




## РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ ВО 2022







## РЕАЛИЗИРАНИ РАСХОДИ ВО 2022



До:

Раководството на

ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

СКОПЈЕ

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР (Продолжува)

*Мислење на ревизорот*

Според нашето мислење, приложените финансиски извештаи на ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ја прикажуваат реално и објективно во сите значајни аспекти, финансиската состојба на организацијата на ден 31 декември 2022, како и резултатите на нејзиното работење и промените во фондовите за годината која завршува на тој ден, во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации и стандардите за финансиско известување на готовинска основа.

Скопје, 10 март 2023 година

Елена Петровска-Лазаревски
Овластен ревизор, Партнер

Друштво за ревизија БДО ДОО Скопје

Драган Димитров
Управител

# КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ

Црвен крст на Република Северна Македонија - **Црвен крст на РСМ**
Република Северна Македонија - **РСМ**
Општинска организација на Црвен крст - **ООЦК**
Црвен крст на град Скопје - **ЦКГ Скопје**
Меѓународна Федерација на друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина - **МФЦК/ЦП**
Меѓународен Комитет на Црвен крст - **МКЦК**
Светска здравствена организација - **СЗО**
Европска унија - **ЕУ**
Министерство за труд и социјална политика - **МТСП**
Црвен крст во акција - Промоција на хумани вредности - **ЦКА-ПХВ**

# SHKURTESA TË PËRDORURA

Kryqi i Kuq i Republikes së Maqedonisë së Veriut - **Kryqi i Kuq i RMV**
Republika e Maqedonisë së Veriut - **RMV**
Organizata Komunale e Kryqit të Kuq - **OKKK**
Kryqi i Kuq i qytetit të Shkupit - **KKQ Shkup**
Federata Ndërkombëtare e Kryqit të Kuq dhe Gjysmëhëna e Kuqe - **Federata Ndërkombëtare e KK/GJHK**
Komiteti Ndërkombëtar i Kryqit të Kuq - **KNKK**
Organizata Botërore e Shëndetësisë - **OBSH**
Unioni Europian - **UE**
Ministria për Punë dhe Politikë Sociale - **MPPS**
Kryqi i Kuq ne aksion - Promovim i vlerave humane - **KKA-PVH**

# ABBREVIATIONS

Red Cross of the Republic of North Macedonia - **Red Cross of RNM**
Republic of North Macedonia - **RNM**
Red Cross Branch - **RCB**
City Red Cross of Skopje - **CRC Skopje**
International Federation of Red Cross and Red Crescent Societies - **IFRC**
International Committee of the Red Cross - **ICRC**
World Health Organization - **WHO**
European Union - **EU**
Ministry of Labor and Social Policy- **MLSP**
Red Cross in Action - Promotion of Human Values - **RCA-PHV**

www.redcross.org.mk